*Даниела ДИМИТРОВА*

# ПРВ СЛЕП СТУДЕНТ ОД МАКЕДОНИЈА ВО СОЕДИНЕТИТЕ АМЕРИКАНСКИ ДРЖАВИ

Андријана Прокопенко е млада мошне трудољубива и одговорна девојка со нагласен истражувачки дух. Оштетување на нејзиниот вид од неа не направил искомплексирана и интровертна личност. Напротив таа е постојано ведра и насмеана, иницијативна и комуникативна. Неа скоро да не ја оддалечуваат од животот на врсниците.

Во кругот на семејството без предрасуди, со помош на стручни лица и литература во Заводот за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид “Димитар Влахов” во Скопје се рехабилитира, односно се оспособува за користење на Браево писмо во своето образование. На нејзина желба, во нижите одделенија го учи и англискиот јазик. **Средното образование го завршува во редовно училиште, во Гимназијата “Јосип Броз Тито” во Скопје. И покрај немање на учебници на Браево писмо и современи технички помагала за визуелно хендикепирани,** резултатите од нејзиниот труд и упорност не изостануваат. Во третиот клас, заедно со својот другар, изготвува проект за **систем на оценување на учениците, кои јавно го образложува и е објавен во весник.**

Бидејќи животната љубов и определба на Андријана и е англискиот јазик, по матурирањето конкурира на најеминентниот центар во светот за образование и оспособување на визуелно хендикепирани Овербрук училиштето за слепи-интернационална програма во Филаделфија, Соединетите Американски Држави. Од финансиски причини не се запишува.

**Високото образование го започнува на Филолошкиот факултет “Блаже Конески” на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје-група англиски јазик и книжевност, наставна насока, како редовен студент. По завршување на јунската испитна сесија, постигнала просечна оценка 9,25**.

Нејзин текст е објавен во списанието на **Кралскиот институт на слепите на Велика Британија.** Има учествувано во емисијата во живо на Глас на Америка. На нејзин предлог оваа радио станица има реализирано специјална емисија посветена на можностите за образование на визуелно хендикепираните лица. Исто така, учествувала во повеќе радио и телевизиски емисии кај нас. Притоа нејзиниот основен мотив е надминување на конзервативните сфаќања и предрасуди, како и осовремување на условите за образование и рехабилитација на лицата со оштетен вид во Р. Македонија.

**Во мај оваа година, Андријана Прокопенко е примена во Овербрук училиштето за слепи-интернационална програма во Филаделфија, а воедно има добиено и половична степендија од 17.000 САД $, а преку спонзори успеала да го добије и остатокот на пари потребни за школување.**

На прашањето, кои се мотивите на оваа девојка за толку голема љубов, волја и труд, Андријана кратко одговара, цитирам: “*Го сакам животот, сакам што е можно повеќе да знам и умеам. Така ќе можам повеќе да им помагам и на другите. Човек е среќен кога му помагаат, но уште посреќен е кога помага*”. Андријана сега се наоѓа меѓу животниот сон и неизвесната реалност. **Таа е првиот слеп студент од Македонија во Соединетите Американски Држави и воопшто во странство.**

*Ристо ПЕТРОВ*

## ОДРЖАН ПРВИОТ НАУЧНО-СТРУЧЕН КОНГРЕС НА ДЕФЕКТОЛОЗИТЕ НА СР ЈУГОСЛАВИЈА СО МЕЃУНАРОДНО УЧЕСТВО

На 10 и 11 ноември 1998 година, во организација на Дефектолошкиот факултет во Белград се одржа I Научно-стручен Конгрес на дефектолози на СР Југославија, со меѓународно учество.

На овој конгрес, на кој работата се одвиваше по секции, беа презентирани окулу 160 трудови. На истиот учествуваа наставници и асистенти од Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет во Скопје. Своите стручни излагања ги презентираа во следните секции:

1. Олигофренолошка секција: доц. д-р Ристо Петров “*Современи аспекти на аутизмот*”; доц. д-р Драгослав Копачев и Верица Петрова “*Видео приказ на третман на аутистично дете*”, асс. д-р Горан Ајдински “*Сознајниот развој на лицата со ментална ретардација*”, “*Процена на сознајните функции кај лесно ментално ретардираните ученици*”.

2. Сурдоаудиолошка секција: асс. м-р Зора Јачова: “*Разбирање на прочитаниот текст наглас и во себе и негово вербално интерпретирање од страна на глувите ученици*”.

3. Тифлолошката секција: помл. асс. Даниела Димитрова-Радојчиќ и Елизабет Солтирова стручен соработник, ја презентираа темата: “*Можностите за тифолошки третман на децата од предучилишна возраст во Република Македонија*”.

4. Соматопедска секција: помл. асс. Наташа Чичевска-Јованова: “*Приказ на тројца ученици*” од проектот на магистерската теза “*Влијанието на соматопедскиот третман врз моторните способности на лесно ментално ретардираните ученици*”.

На овој научно-стручен конгрес, од Република Македонија присуствуваа продеканот на Филозофскиот факултет доц. д-р Радко Начевски и раководителот на Институтот за дефектологија проф. д-р Љупчо Ајдински. Исто така учествуваа претставници од посебните основни училишта како и заводи и институти кои ја третираат проблематиката на лицата кои имаат специфични потреби.